**20140471395**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 98 став (1) точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013 и 164/2013) и член 117 став (1) точка в) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 24.2.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕМИН НА ЧЛЕН ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за максималниот износ и за начинот на плаќање на паричниот надоместок за премин на член од еден во друг пензиски фонд (Службен весник на РМ број 93/2008) во член 2 ставот (1) зборовите: „крајниот рок до кој членот треба да достави до Агенцијата формулар и доказ за платен надомест согласно член 61 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и тоа:“ се заменуваат со зборовите: „датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд и тоа:“

Член 2

Во член 3 ставот (1) зборовите: „потпишување на договорот за членство со идниот доброволен пензиски фонд и тоа:“ се заменуваат со зборовите: „пренос на средствата на доброволната индивидуална сметка или професионалната сметка на членот во идниот доброволен пензиски фонд и тоа:“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-275/5
6 март 2014 година
Скопје

Претседател
на Совет за експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.